# Јас сум Тој што најмалку има потреба некој да му се здружува. Кој ќе направи дело во кое ќе Ми здружи некого, го оставам него и неговиот ширк

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах вели: Јас сум Тој што најмалку има потреба некој да му се здружува. Кој ќе направи дело во кое ќе Ми здружи некого, го оставам него и неговиот ширк.“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека Возвишениот Аллах рекол дека Тој нема потреба некој да се смета за рамен со Аллах и нема потреба од ништо. Ако некој направи дело на покорност и го посвети на Аллах и на некој друг, Аллах ќе го остави тоа дело и нема да го прифати, и ќе му го врати на оној што го направил. Затоа, делото треба да биде посветено исклучиво на Возвишениот Аллах, бидејќи Тој не прифаќа ништо освен она што е направено искрено и со чиста намера посветено на Семоќниот Бог.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3342